**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 август 2017 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења кај останатите финансиски институции[1] (ОФИ): втор квартал на 2017 година

- **Состојбата на вкупните средства на ОФИ на крајот на јуни 2017 година изнесува 85.220 милиони денари.** Од аспект на одделните потсектори, најзначајно учество во средствата на ОФИ имаат пензиските фондови (62,8%), по што следат осигурителните друштва (24,3%).

- Во вториот квартал на 2017 година, **вкупните средства на ОФИ** бележат квартален и годишен раст од 4,0% и 17,8%, соодветно, главно детерминиран од зголемувањето на средствата на пензиските фондови.

Табела 1. Вкупни средства/обврски на ОФИ[2],[3]

| | Кв.2 2016 | Кв.1 2017 | Кв.2 2017 | Квартални промени | | Годишни промени | | Структура (Вкупно ОФИ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кв.2 2017/Кв.1 2017 | | Кв.2 2017/Кв.2 2016 | | |
| | Состојби, во милиони денари | | | милиони денари | % | милиони денари | % | % |
| **1. Останати финансиски институции** | **72.313** | **81.968** | **85.220** | **3.251** | **4,0** | **12.906** | **17,8** | **100.0** |
| 1.1 Осигурителни друштва | 19.959 | 20.214 | 20.722 | 507 | 2,5 | 762 | 3,8 | 24.3 |
| 1.2 Пензиски фондови | 43.794 | 51.755 | 53.485 | 1.731 | 3,3 | 9.692 | 22,1 | 62.8 |
| 1.3 Инвестициски фондови | 3.185 | 4.319 | 5.015 | 696 | 16,1 | 1.830 | 57,5 | 5.9 |
| 1.4 Други ОФИ | 5.376 | 5.680 | 5.998 | 317 | 5,6 | 622 | 11,6 | 7.0 |

Извор: НБРМ.

- Од аспект на одделни инструменти, во средствата на ОФИ најголемо учество имаат должничките и сопственичките хартии од вредност[4], кои зафаќаат 70,0%, додека на страната на обврските најзначајни инструменти се техничките резерви на осигурување[5] и капиталните сметки[6] со вкупно учество од 93,3%.

---

[1] Во останатите финансиски институции се вклучени: инвестициските фондови, пензиските фондови, осигурителните друштва, друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови, финансиските друштва и друштвата даватели на финансиски лизинг.
[2] За потребите на оваа соопштение, во категоријата „Други ОФИ" се опфатени: друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови, финансиските друштва и друштвата даватели на финансиски лизинг (точка 1.4 од табелата).
[3] Почнувајќи од вториот квартал 2017 година, во податоците се вклучени и новите финансиски друштва, коишто имаат добиено дозвола за работа од Министерството за финансии на Република Македонија во периодот од ноември 2016 година до април 2017 година, со вратена серија на податоци од четвртиот квартал на 2016 година.
[4] Должничките хартии од вредност се однесуваат на хартиите од вредност различни од акции согласно со меѓународната класификација на финансиски инструменти, како што е објавено во билансите и прегледите на останатите финансиски институции.
[5] Техничките резерви на осигурување содржат: нето-капитал на домаќинствата во резерви од животно осигурување, нето-капитал на домаќинствата во пензиските фондови и претплатени премии и резерви наспроти книговодственото побарување (неживотното осигурување).
[6] Капиталните сметки ги опфаќаат: сопственичките вложувања, задржаната добивка, добивката од тековната година, општата и посебна резерва и вредносните прилагодувања.

Табела 2. Средства/обврски на ОФИ, по потсектори и по финансиски инструменти, кв.2 2017

| | Вкупно ОФИ | | Пензиски фондови | | Осигурителни друштва | | Инвестициски фондови | | Други ОФИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) |
| **Вкупни средства** | **85,220** | | **53,485** | | **20,722** | | **5,015** | | **5,998** | |
| Валути и депозити | 12,865 | **15.1** | 4,000 | 7.5 | 5,259 | 25.4 | 3,034 | 60.5 | 573 | 9.5 |
| Хартии од вредност различни од акции | 42,051 | **49.3** | 33,326 | 62.3 | 7,087 | 34.2 | 1,052 | 21.0 | 585 | 9.8 |
| Кредити | 3,998 | **4.7** | 0 | - | 186 | 0.9 | 28 | 0.6 | 3,783 | 63.1 |
| Акции и останат сопственички капитал | 17,651 | **20.7** | 16,009 | 29.9 | 717 | 3.5 | 894 | 17.8 | 30 | 0.5 |
| Технички резерви на осигурување | 1,508 | **1.8** | 0 | - | 1,508 | 7.3 | 0 | - | 0 | - |
| Останати средства | 4,842 | **5.7** | 150 | 0.3 | 4,465 | 21.5 | 6 | 0.1 | 222 | 3.7 |
| Нефинансиски средства | 2,304 | **2.7** | 0 | - | 1,499 | 7.2 | 0 | - | 804 | 13.4 |
| **Вкупни обврски** | **85,220** | | **53,485** | | **20,722** | | **5,015** | | **5,998** | |
| Кредити | 3,149 | **3.7** | 0 | - | 114 | 0.6 | 6 | 0.1 | 3,029 | 50.5 |
| Технички резерви на осигурување | 51,903 | **60.9** | 40,254 | 75.3 | 11,649 | 56.2 | 0 | - | 0 | - |
| Останати обврски | 2,574 | **3.0** | 102 | 0.2 | 1,817 | 8.8 | 29 | 0.6 | 627 | 10.5 |
| Капитални сметки | 27,593 | **32.4** | 13,130 | 24.5 | 7,141 | 34.5 | 4,980 | 99.3 | 2,342 | 39.0 |

Извор: НБРМ.

- Анализирано **по инструменти**, на страна на средствата, промените на квартална и годишна основа се објаснуваат главно со зголемените вложувања во должнички хартии од вредност на домашниот финансиски пазар и во сопственички хартии од вредност на странските финансиски пазари. На страната на обврските, доминантен носител на кварталниот и годишниот раст се техничките резерви на осигурување и капиталните сметки.







Извор: НБРМ.

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

## Позначајни движења кај ОФИ, по видови институции

- Во вториот квартал на 2017 година, вкупните средства на пензиските фондови (задолжителни и доброволни) на квартална и годишна основа се зголемени за 3,3% и 22,1%, соодветно. Анализирано по инструменти, најголем придонес кон кварталниот и годишниот раст имаат вложувањата во должнички хартии од вредност на домашниот финансиски пазар и во сопственички хартии од вредност на странските финансиски пазари. На страна на обврските, растот на квартална и годишна основа во најголем дел се објаснува со зголемените технички резерви на осигурување.




Извор: НБРМ.

- Вкупните средства на осигурителните друштва, во вториот квартал на 2017 година, регистрираат квартален и годишен раст од 2,5% и 3,8% соодветно. Кварталниот раст главно е детерминиран од зголемувањето на останатите побарувања и техничките резерви на осигурување, додека годишниот раст од вложувањата во должнички хартии од вредност на домашниот финансиски пазар, при пад евидентиран кај валутите и депозитите. На страна на обврските, кварталниот и годишниот раст произлегува од  зголемувањето кај техничките резерви на осигурување, наспроти падот евидентиран кај останатите обврски.




Извор: НБРМ.

- На крајот на јуни 2017 година е регистриран квартален и годишен раст на вкупните средства на инвестициските фондови[7] од 16,1% и 57,5%, соодветно. Анализирано по инструменти, најголем придонес кон растот имаат пласманите во валути и депозити, како и во сопственички хартии од вредност на странските финансиски пазари. На страна на обврските, растот на квартална и годишна основа произлегува од зголемените капитални сметки.




Извор: НБРМ.

- Вкупните средствата на другите ОФИ[8], во вториот квартал на 2017 година бележат квартален и годишен раст од 5,6% и 11,6%, соодветно, пред сè предизвикан од нивната зголемена кредитна активност. Кај обврските, растот на квартална и годишна основа во најголем дел се објаснува со зголемените обврски врз основа на кредити.




Извор: НБРМ.

[7] До НБРМ тековно известуваат сите осумнаесет инвестициски фондови коишто се вклучени во регистарот на Комисијата за хартии од вредност (КХВ) на Република Македонија, петнаесет отворени и три приватни инвестициски фондови.
[8] Почнувајќи од првиот квартал на 2014 година, вклучени се податоците за новите известувачи – финансиските друштва и друштвата – даватели на финансиски лизинг.

***

## Ревизии на податоци

Податоците за движењата кај ОФИ во ова соопштение содржат редовни ревизии на податоците за периодот октомври 2016 – март 2017 година, поради добивање нови, коригирани информации и податоци од известувачите. Овие ревизии не предизвикаа значителни промени кај претходно објавените податоци и главно произлегуваат од подобрениот опфат и квалитет на известувањата.

## Придружни информации

Временски серии податоци**:** Квартални податоци за средствата и обврските на финансиските институции (http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-finansiski-institucii-kvartalni-podatoci.nspx)

Методолошки појаснувања: (http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-finansiski-institucii-kvartalni-podatoci.nspx)

Следни објавувања: Календар на објавување податоци (http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx)

Квартални податоци за средствата и обврските на финансиските институции: 31 ноември 2017 (референтен пресек заклучно со третиот квартал на 2017).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/ 108).